20252364591

# УПРАВА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за семе и саден материјал врз основа на член 16 став (1) алинеја (б) од Законот за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), а во врска со допис Пренос на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY бр. 109-12859/1 од 20.10.2025 година, правното лице Agricurtural Research and Development Limited Liablity Company, 11220 Edison Highway, California, 93307 Bakersfield, USA преку полномошник, Адвокат Живка Костовска Стојковска ул. „Орце Николов“ 68/4,- реон 20, Скопје за пренос на селекционерско право, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЕЛЕКЦИОНЕРСКО ПРАВО НА СОРТА ВИНОВА ЛОЗА ARRATHIRTY

1. Се овластува за коритење на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY, од правното лице Agricurtural Research and Development Limited Liablity Company, 11220 Edison Highway, California, 93307 Bakersfield, USA на правното лице GRAPA GLOBAL LCC, 11220 Edison Highway, 93307 Bakersfield, California, USA.
2. Се овластува за коритење на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY за период од 25 години од денот на влегувањето во сила на оваа Решение.
3. Опфат на овластување за коритење на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY се утврдува согласно членот 16 став (1) алинеја (б) од Законот за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21).
4. За овластување на коритење на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY, носителот на правото е должен да плаќа годишен надоместок за одржување на сортата согласно член 3 од Правилникот за висината на трошоците за доделување на селекционерското право и за висината на надоместокот за одржување на селекционерското право („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/11).
5. Оваа решение се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правното лице, Agricurtural Research and Development Limited Liablity Company, 11220 Edison Highway, California, 93307 Bakersfield, USA, согласно дописот Пренос на селекционерско право на сорта винова лоза ARRATHIRTY бр. 109-12859/1 од 20.10.2025 година и Договор за пренос од 19.06.2025 година, го пренесува селекционерското право на правното лице GRAPA GLOBAL LCC 11220 Edison Highway, 93307 Bakersfield, California, USA преку полномошник адвокат Живка Костовска Стојковска ул. „Орце Николов“ 68/4, реон 20, 1000 Скопје.

По извршената проверка за усогласеност со условите утврдени во членовите од 5 до 9, членот 16 став (1) алинеја (б) од Законот за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), утврдено е дека пријавената сорта е нова во смисла на членот 6 став (1), став (3) и став (4) од Законот односно истата не е продадена или на друг начин откриена пред трети лица на територијата на Република Северна Македонија не подолго од една година

од датумот на поднасување на пријавата, како и дека во смисла на членовите од 7 до 9 од Законот пријавенета сорта е различна, еднобразна и стабилна согласно испитување (DUS тест) организирано и доставено од страна на подносителот на Пријавата на 17.3.2023 година.

Административна такса по оваа решение во износ од 250 денари е наплатена согласно членот 37 точка 2, тарифен број 3 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/1993, 20/1996,7/1998, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05,7/06,70/06,92/07,88/08,130/08,6/10,145/10,17/11,84/12,192/15 и 23/16 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.151/21).

Предвид на погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Бр. 109-12859/2
14 ноември 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.